Врз основа на член 57 став (1) и член 8-а став (1) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/2011, 51/2011, 148/2011, 74/2012, 171/2012, 27/2014, 139/2014 и 61/2015), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 14.07.2015 година, издаде

ЛИЦЕНЦА
за приредување на игри на среќа во казино

1. На Друштвото за угостителство, туризам и услуги „Макотен“ ДООЕЛ Гевгелија МУ СЕ ИЗДАВА лиценца за приредување на игри на среќа во казино во деловната просторија која се наоѓа на граничен премин Богородица бр.„Хотел Фламинго“ во с.Богородица, Гевгелија за период од шест години.

2. Во казиното Друштвото за угостителство, туризам и услуги „Макотен“ ДООЕЛ Гевгелија ќе постави 457 автомати за игри на среќа, 1 автомат за игри на среќа на кој истовремено можат да учествуваат повеќе играчи (електронски рулет), 10 маси за американски рулет, 10 маси за блек џек, 4 маси за тексас покер, 2 маси за ултимејт тексас покер и 1 маса за карибиан покер.

3. Друштвото за угостителство, туризам и услуги „Макотен“ ДООЕЛ Гевгелија Е ДОЛЖНО да започне со приредување на играта на среќа во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата.

4. Доколку Друштвото за угостителство, туризам и услуги „Макотен“ ДОО Гевгелија не започне со приредување на играта во рокот од точката 3, Владата на Република Македонија ќе ја одземе лиценцата.

5. Друштвото за угостителство, туризам и услуги „Макотен“ ДООЕЛ Гевгелија Е ДОЛЖНО да го плати надоместокот за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во казино во износ од 600.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата и тоа 50% од надоместокот во износ од 300.000 евра во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата, а остатокот од 50% на еднакви годишни рати додека трае лиценцата, односно:

- износ од 50.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата, во рок од една година од денот на приемот на лиценцата;
- износ од 50.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата, во рок од две години од денот на приемот на лиценцата;
- износ од 50.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата, во рок од три години од денот на приемот на лиценцата;
- износ од 50.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата, во рок од четири години од денот на приемот на лиценцата;
- износ од 50.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата, во рок од пет години од денот на приемот на лиценцата и

- износ од 50.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата, во рок од шест години од денот на приемот на лиценцата.

6. Доколку Друштвото за угостителство, туризам и услуги „Макотен" ДООЕЛ Гевгелија не плати 50% од надоместокот, односно не плати износ од 300.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата, ќе се смета дека лиценцата не била воопшто издадена.

7. Доколку Друштвото за угостителство, туризам и услуги „Макотен" ДООЕЛ Гевгелија не ги плаќа годишните рати во износ од од 50.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата во роковите од точката 5, Владата на Република Македонија ќе ја одземе лиценцата.

8. Лиценцата бр.51-7180/1 од 20.11.2011 година издадена од страна на Владата на Република Македонија на Друштвото за угостителство, туризам и услуги „Макотен" ДООЕЛ Гевгелија престанува да важи со донесувањето на оваа лиценца.

9. Оваа лиценца да се објави на интернет страницата на Министерството за финансии.

## Образложение

Друштвото за угостителство, туризам и услуги „Макотен" ДООЕЛ Гевгелија до Министерството за финансии поднесе барање бр.13-7671/1 од 05.05.2015 година, дополнување на барање бр.13-7671/3 од 12.05.2015 година, бр.13-7671/4 од 18.05.2015 година, бр.13-7671/5 од 22.05.2015 година и бр.13-7671/6 од 04.06.2015 година за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во казино.

Кон барањето подносителот ги достави следните документи:

- тековна состојба број 0805-50/150120150028804 од 22.04.2015 година издадена од Централниот регистар на Република Македонија;

- изјава за основање на друштво за угостителство, туризам и услуги „Макотен" ДООЕЛ Скопје од 28.08.2003 година, одлука за зголемување на основната главнина и измена на изјавата за основање на друштвото од 26.05.2004 година, изјава за основање на друштво за угостителство, туризам и услуги „Макотен" ДООЕЛ Скопје (пречистен текст) од 12.07.2004 година, одлука за измени и дополнување на изјавата за основање на друштвото од 22.12.2004 година, одлука за зголемување на основната главнина на друштвото од 22.12.2004 година, изјава за основање на друштво за угостителство, туризам и услуги „Макотен" ДООЕЛ Скопје (пречистен текст) од 22.12.2004 година, изјава за основање на друштво за угостителство, туризам и услуги „Макотен" ДООЕЛ Скопје од 04.07.2005 година, одлука за измени и дополнување на изјавата за основање на друштвото од 23.03.2006 година, одлука за измени и дополнување на изјавата за основање на друштвото од 06.06.2006 година, изјава за основање на друштво за угостителство, туризам и услуги „Макотен" ДООЕЛ Гевгелија од 06.06.2006 година, одлука за измени и дополнувања на изјавата за основање на друштвото од 06.10.2006 година, одлука за ограничување на овластувањата на управителот на Макотен ДООЕЛ Гевгелија од 14.07.2006 година, изјава за основање на друштво за угостителство, туризам и услуги „Макотен" ДООЕЛ Гевгелија (пречистен текст) од 09.10.2006 година, договор за основање на друштво со ограничена одговорност „Макотен"

ДОО Гевгелија од 22.11.2010 година, договор за основање на друштво со ограничена одговорност „Макотен“ ДОО Гвегелија (пречистен текст) од 11.01.2011 година, изјава за основање на друштво со ограничена одговорност од 31.10.2013 година, изјава за основање на друштво со ограничена одговорност од 12.12.2013 година, изјава за основање на друштво со ограничена одговорност од 18.02.2014 година, одлука за зголемување на основната главнина од 21.11.2014 година, одлука за измена на изјавата за основање од 21.11.2014 година, одлука за трансформација на заем што се трансформира во влог на друштвото во постапката за зголемување на основната главнина на друштвото од 21.11.2014 година, изјава за основање на друштво со ограничена одговорност од 29.12.2014 година, одлука со намера за намалување на основната главнина на друштвото за угостителство, туризам и услуги „Макотен“ ДООЕЛ Гевгелија од 28.05.2015 година, изјава за основање на друштво со ограничена одговорност од 02.06.2015 година и решение со деловоден број 30120150019496 од 04.06.2015 година издадено од Централниот регистар на Република Македонија.

- правила за игра на автомати за игри на среќа, правила на игри на маси и правилник на казиното бр.0102/2329 од 22.04.2015 година;

- уверение за платени даноци и придонеси бр.24-2174/2 од 12.05.2015 година издадено од Управата за јавни приходи, Дирекција за големи даночни обврзници, потврда за платени царини К.бр.05-030840/15-0002 од 23.04.2015 година издадена од Царинската Управа и уверение за платени придонеси за пензиско и инвалидско осигурување бр.23-14/39-1 од 13.05.2015 година издадено од Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија;

- извештај за состојбата на сметката за имателот на сметката (солвентност) од 20.05.2015 година од Алфа Банка АД Скопје, извештај за состојба на сметката на имателот на сметката (солвентност) бр.20/501-905/1 од 20.05.2015 година од Стопанска банка АД Скопје, податоци за учесникот во платен промет од 20.05.2015 година од НЛБ Тутунска банка АД Скопје, извештај за состојба на сметката на имателот на сметката (солвентност) од 20.05.2015 година од Комерцијална банка АД Скопје и извештај за состојба на сметка од 20.05.2015 година од Охридска банка АД Скопје;

- потврда за исплатени плати од 11.05.2015 година од НЛБ Тутунска банка АД Скопје;

- информација за економско-финансиската состојба на субјектот бр.0905-23/363 од 22.04.2015 година издадена од Централен регистар на Република Македонија;

- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0808-11/2877 од 22.04.2015 година издадена од Централниот регистар на Република Македонија дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна забрана за добивање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон;

- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0808-11/2877 од 22.04.2015 година издадена од Централниот регистар на Република Македонија дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна за одземање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон;

-потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0808-50/150120150029653 од 24.04.2015 година издадена од Централниот регистар

на Република Македонија дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на одделна дејност;

- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0808-50/150120150029654 од 24.04.2015 година издадена од Централниот регистар на Република Македонија дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна трајна забрана за вршење на одделна дејност;

- проценка на непаричен влог бр.08-8/7 од 28.05.2015 година изготвена од Друштвото за проценки и вештачења „МБ-ПРОЦЕС ПРО“ ДОО Гвегелија, Бранко Аризанов-проценувач на подвижен имот, царински декларации: бр.S-4826 од 25.04.2005 година, бр.S-3315 од 24.03.2005 година, бр.S-3316 од 25.03.205 година, бр.S-4832 од 25.04.2005 година, бр.S-3313 од 24.03.2005 година, бр.S-12698 од 13.04.2005 година, бр.S-4827 од 25.04.2005 година, бр.S-10021 од 06.08.2005 година, бр.S-11440 од 14.09.2005 година, бр.S-11161 од 07.09.2005 година, бр.S-4237 од 18.04.2005 година, бр.S-9235 од 20.07.2005 година, бр.S-1119 од 01.02.2005 година, бр.S-11442 од 14.09.2005 година, бр.S-11900 од 22.09.2005 година, бр.S-16239 од 28.12.2005 година, бр.S-4878 од 26.04.2005 година, бр.S-4877 од 26.04.2005 година, бр.S-14823 од 28.11.2005 година, бр.S-15353 од 08.12.2005 година, бр.S-4866 од 26.04.2005 година и бр.S-2729 од 10.03.2005 година издадени од Царинската управа на Република Македонија, решенија: У.бр.581/05 од 29.04.2005 година,У.бр.337/05 од 28.03.2005 година, У.бр.333/05 од 30.03.2005 година, У.бр.582/05 од 29.04.2005 година, У.бр.336/05 од 30.03.2005 година, У.бр.1068/05 од 15.09.2005 година, У.бр.583/05 од 29.04.2005 година, У.бр.957/05 од 26.08.2005 година, У.бр.1083/05 од 01.11.2005 година, У.бр.1084/05 од 01.11.2005 година, S.бр.421/05 од 18.04.2005 година, У.бр.933/05 од 29.07.2005 година, У.бр.60/05 од 07.02.2005 година, У.бр.1009/05 од 15.09.2005 година, У.бр.1025/05 од 03.10.2005 година, У.бр.1267/05 од 11.01.2006 година, У.бр.585/05 од 29.04.2005 година, У.бр.586/05 од 29.04.2005 година, У.бр.1160/05 од 28.11.2005 година, У.бр.1180/05 од 09.12.2005 година, У.бр.584/05 од 29.04.2005 година и У.бр.300/05 од 22.03.2005 година донесени од Царинската управа на Република Македонија, про-фактура бр.про-008/2005 од 08.02.2005 година, фактура бр.06 од 24.03.2005 година, бр. фактура бр.100/1 од 24.03.2005 година, фактура бр.7173 од 02.03.2005 година, профактура бр.про-007/2005 од 08.02.2005 година, фактура бр.100/2 од 24.03.2005 година, про-фактура бр.про-017/2005 од 03.08.2005 година, фактура бр.05/4521532 од 16.03.2005 година, про-фактура бр.про-012/2005 од 21.03.2005 година, фактура бр.FC-S506MIA од 06.12.2005 година, про-фактура бр.про-016/2005 од 02.08.2005 година, фактура бр.046/2005 од 25.03.2005 година, фактура бр.02 од 19.07.2005 година, фактура бр.01/page 1 од 25.01.2005 година, faktura br.01/page 2 од 25.01.2005 година, фактура бр.2 од 25.01.2005 година, фактура бр.3 од 25.01.2005 година, фактура бр.4 од 25.01.205 година, про-фактура бр.про-019/2005 од 03.08.2005 година, про-фактура бр.про-018/2005 од 03.08.2005 година, фактура бр.0212893 од 01.12.2005 година, фактура бр.VAT EH бр.E0500010 од 18.04.2005 година, про-фактура бр.про-011/2005 од 07.03.2005 година, про-фактура бр.про-015/2005 од 05.04.2005 година, фактура бр.30141461 од 26.10.2005 година, про-фактура бр.про-005/2005 од 03.02.2005 година, про-фактура бр.про-004/2005 од 03.02.2005 година и бр.про-003/2005 од 03.02.2005 година, извештај за наплата од странство-образец 743 од 08.08.2003 година од Комерцијална банка АД Скопје, заверен кај нотар Ѓорѓи Николов од Гевгелија под број УЗП 30337/2015 од 21.04.2015 година, извештај за наплата од странство-образец 743 од 29.10.2003 година од Комерцијална банка АД Скопје, заверен кај нотар Ѓорѓи Николов од Гевгелија под

број УЗП 3038/2015 од 21.04.2015 година, извештај за наплата од странство-образец 743 од 11.06.2004 година од Комерцијална банка АД Скопје, заверен кај нотар Ѓорѓи Николов од Гевгелија под број УЗП 3039/2015 од 21.04.2015 година, извештај за наплата од странство-образец 743 од 24.06.2004 година од Комерцијална банка АД Скопје, заверен кај нотар Ѓорѓи Николов од Гевгелија под број УЗП 3040/2015 од 21.04.2015 година, извештај за наплата од странство-образец 743 од 02.07.2004 година од Комерцијална банка АД Скопје, заверен кај нотар Ѓорѓи Николов од Гевгелија под број УЗП 3041/2015 од 21.04.2015 година, извештај за наплата од странство-образец 743 од 08.07.2004 година од Комерцијална банка АД Скопје, заверен кај нотар Ѓорѓи Николов од Гевгелија под број УЗП 3042/2015 од 21.04.2015 година, извештај за наплата од странство-образец 743 од 03.12.2013 година од НЛБ Тутунска банка АД Скопје, заверен кај нотар Ѓорѓи Николов од Гевгелија под број УЗП 3106/2015 од 23.04.2015 година, извештај за наплата од странство-образец 743 од 27.02.2014 година од НЛБ Тутунска банка АД Скопје, заверен кај нотар Ѓорѓи Николов од Гевгелија под број УЗП 3108/2015 од 23.04.2015 година, извештај за наплата од странство-образец 743 од 29.04.2014 година од НЛБ Тутунска банка АД Скопје, заверен кај нотар Ѓорѓи Николов од Гевгелија под број УЗП 3109/2015 од 23.04.2015 година, извештај за наплата од странство-образец 743 од 12.11.2014 година од НЛБ Тутунска банка АД Скопје, заверен кај нотар Ѓорѓи Николов од Гевгелија под број УЗП 3107/2015 од 23.04.2015 година и договор за заем бр.5825-L-10124 склучен помеѓу Аустриан Гаминг Индустри ГмбХ и Друштвото за угостителство, туризам и услуги „Макотен“ ДООЕЛ Гевгелија на ден 22.11.2013 година.

- Програма за спречување на перење пари и финансирање на тероризам согласно со прописите со кои е регулирано спречувањето на перење пари и финансирање на тероризам бр.0102/728 од 09.02.2015 година и мислење бр.13-1/19 (15) од 26.02.2015 година од Управата за финансиско разузнавање.

- потврда од 11.05.2015 година од НЛБ Тутунска банка АД Скопје;

- решение бр.24-19/07150-70109/3-(24-1955/3) од 04.05.2015 година и записник бр.24-19/07150-70109/1 од 30.04.2015 година издадени од Управата за јавни приходи, Дирекција за големи даночни обврзници и

- 485 уверенија издадени од Друштвото за услуги, испитување и анализа „Инстесер“ ДОО Скопје за техничката исправност на поставените автомати и маси.

Друштвото за угостителство, туризам и услуги „Макотен“ ДООЕЛ Гевгелија на кое му е издадена лиценца за приредување на игри на среќа во казино од страна на Владата на Република Македонија, согласно член 8-а став 1 од законот, може да поднесе барање за добивање на нова лиценца пред истекот на рокот на важноста на новата лиценца.

Постапувајќи по поднесеното барање, а врз основа на доставените документи, Министерството за финансии ја утврди следната фактичка состојба:

Постапувајќи по поднесеното барање, а врз основа на доставените документи, Министерството за финансии ја утврди следната фактичка состојба:

Подносителот на барањето е трговско друштво со седиште во Република Македонија и на денот на поднесувањето на барањето за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во казино има уплатено основна главнина во износ од 19.065.075,00 евра видно од тековната состојба издадена од Централниот регистар на Република Македонија бр.0805-50/150120150028804 од 22.04.2015 година. Аустриан Гаминг Индустриес ГмбХ (како единствен содружник на Друштвото за угостителство, туризам и услуги „Макотен“ ДООЕЛ Гевгелија) на

28.05.2015 година донесе одлука со намера за намалување на основната главнина на Друштвото „Макотен" ДООЕЛ Гевгелија. Од одлуката се утврди дека Аустриан Гаминг Индустриес ГмбХ одлучи делумно да го намали непаричниот влог во друштвото во износ од 276.141 евра. Друштвото за угостителство, туризам и услуги „Макотен" ДООЕЛ Гевгелија има започнато постапка за намалување на основната главнина видно од решението со деловоден број 30120150019496 од 04.06.2015 година издадено од Централниот регистар на Република Македонија.

Доставеното барање за добивање на лиценца се однесува за приредување на игрите на среќа во казино, што произлегува од доставените правила за игра на автомати за игри на среќа, правила на игра на маси и правилник на казиното бр.0102/2329 од 22.04.2015 година кои се во согласност со член 63 став 1 и 2 и член 64 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри.

Трговското друштво ги има измирено јавните давачки по основ на даноци, царини и придонеси за социјално осигурување до месецот во кој е поднесено барањето за издавање лиценца за приредување игри на среќа, видно од уверението бр.24-2174/2 од 12.05.2015 година издадено од Управата за јавни приходи, Дирекција за големи даночни обврзници, потврдата за платени царини К.бр.05-030840/15-0002 од 23.04.2015 година издадена од Царинската Управа и уверението за платени придонеси за пензиско и инвалидско осигурување бр.23-14/39-1 од 13.05.2015 година издадено од Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија;

Трговското друштво нема блокирано трансакциска сметка во банка во моментот на поднесување на барањето, видно од доставениот извештај за состојбата на сметката за имателот на сметката (солвентност) од 20.05.2015 година од Алфа Банка АД Скопје, извештај за состојба на сметката на имателот на сметката (солвентност) бр.20/501-905/1 од 20.05.2015 година од Стопанска банка АД Скопје, податоци за учесникот во платен промет од 20.05.2015 година од НЛБ Тутунска банка АД Скопје, извештај за состојба на сметката на имателот на сметката (солвентност) од 20.05.2015 година од Комерцијална банка АД Скопје и извештај за состојба на сметка од 20.05.2015 година од Охридска банка АД Скопје;

Трговското друштво редовно исплатува плати на вработените во период од најмалку шест месеци пред поднесувањето на барањето видно од доставената потврда за исплатени плати од 11.05.2015 година од НЛБ Тутунска банка АД Скопје

Со доставената информација за економско-финансиската состојба на субјектот издадена од Централниот регистар на Република Македонија бр.0905-23/363 од 22.04.2015 година, оценувајќи ги податоците искажани во годишните сметки за 2013 и 2014 година, споредбените показатели за финансиската стабилност, ликвидност и успешност во работењето се потврдува економско-финансиската состојба во работењето на друштвото.

Од доставените потврди од Централниот регистар на Република Македонија бр.0808-11/2877 од 22.04.2015 година, бр.0808-11/2877 од 22.04.2015 година, бр.0808-50/150120150029653 од 24.04.2015 година и бр.0808-50/150120150029654 од 24.04.2015 година, на трговското друштво не му е изречена споредна казна забрана за добивање на лиценца за приредување на игрите на среќа, не му е изречена споредна казна одземање на лиценца за приредување на игрите на среќа, не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на дејност за приредување на игрите на среќа и не му е изречена трајна забрана за вршење на дејност за приредување на игрите на среќа.

Потеклото на средствата на основната главнина се утврди од следната документација:

Од изјавата за основање на друштво со ограничена одговорност донесена на ден 29.12.2014 година од Аустриан Гаминг Индустриес ГмбХ, како единствен содружник на Друштвото за угостителство, туризам и услуги „Макотен" ДООЕЛ Гевгелија, се утврди дека основната главнина на друштвото изнесува 19.065.075,00 евра, и тоа 17.592.148,00 евра паричен влог и 1.472.927,00 евра непаричен влог. Аустриа Гаминг Индустриес ГмбХ на 28.05.2015 година донесе одлука со намера за намалување на основната главнина на Друштвото за угостителство, туризам и услуги „Макотен" ДООЕЛ Гевгелија. Од одлуката се утврди дека Аустриан Гаминг Индустриес ГмбХ одлучи делумно да го намали непаричниот влог во друштвото во износ од 276.141 евра. Друштвото за угостителство, туризам и услуги „Макотен" ДООЕЛ Гевгелија има започнато постапка за намалување на основната главнина видно од решението со деловоден број 30120150019496 од 04.06.2015 година издадено од Централниот регистар на Република Македонија. Од изјавата за основање на друштво со ограничена одговорност донесена на ден 02.06.2015 година од Аустриан Гаминг Индустриес ГмбХ, се утврди дека средствата кои се внесени како основна главнина во друштвото во износ од 18.788.934,00 евра се состојат од 1.196.786,00 евра непаричен влог и 17.592.148,00 евра паричен влог. Од доставената проценка на непаричен влог бр.08-8/7 од 28.05.2015 година изготвена од Друштвото за проценки и вештачења „МБ-ПРОЦЕС ПРО" ДОО Гевгелија, Бранко Аризанов-проценувач на подвижен имот, царински декларации: бр.S-4826 од 25.04.2005 година, бр.S-3315 од 24.03.2005 година, бр.S-3316 од 25.03.205 година, бр.S-4832 од 25.04.2005 година, бр.S-3313 од 24.03.2005 година, бр.S-12698 од 13.04.2005 година, бр.S-4827 од 25.04.2005 година, бр.S-10021 од 06.08.2005 година, бр.S-11440 од 14.09.2005 година, бр.S-11161 од 07.09.2005 година, бр.S-4237 од 18.04.2005 година, бр.S-9235 од 20.07.2005 година, бр.S-1119 од 01.02.2005 година, бр.S-11442 од 14.09.2005 година, бр.S-11900 од 22.09.2005 година, бр.S-16239 од 28.12.2005 година, бр.S-4878 од 26.04.2005 година, бр.S-4877 од 26.04.2005 година, бр.S-14823 од 28.11.2005 година, бр.S-15353 од 08.12.2005 година, бр.S-4866 од 26.04.2005 година и бр.S-2729 од 10.03.2005 година издадени од Царинската управа на Република Македонија, решенија: У.бр.581/05 од 29.04.2005 година, У.бр.337/05 од 28.03.2005 година, У.бр.333/05 од 30.03.2005 година, У.бр.582/05 од 29.04.2005 година, У.бр.336/05 од 30.03.2005 година, У.бр.1068/05 од 15.09.2005 година, У.бр.583/05 од 29.04.2005 година, У.бр.957/05 од 26.08.2005 година, У.бр.1083/05 од 01.11.2005 година, У.бр.1084/05 од 01.11.2005 година, S.бр.421/05 од 18.04.2005 година, У.бр.933/05 од 29.07.2005 година, У.бр.60/05 од 07.02.2005 година, У.бр.1009/05 од 15.09.2005 година, У.бр.1025/05 од 03.10.2005 година, У.бр.1267/05 од 11.01.2006 година, У.бр.585/05 од 29.04.2005 година, У.бр.586/05 од 29.04.2005 година, У.бр.1160/05 од 28.11.2005 година, У.бр.1180/05 од 09.12.2005 година, У.бр.584/05 од 29.04.2005 година и У.бр.300/05 од 22.03.2005 година донесени од Царинската управа на Република Македонија, про-фактура бр.про-008/2005 од 08.02.2005 година, фактура бр.06 од 24.03.2005 година, фактура бр.100/1 од 24.03.2005 година, фактура бр.7173 од 02.03.2005 година, профактура бр.про-007/2005 од 08.02.2005 година, фактура бр.100/2 од 24.03.2005 година, про-фактура бр.про-017/2005 од 03.08.2005 година, фактура бр.05/4521532 од 16.03.2005 година, про-фактура бр.про-012/2005 од 21.03.2005 година, фактура бр.FC-S506MIA од 06.12.2005 година, про-фактура бр.про-016/2005 од 02.08.2005 година, фактура бр.046/2005 од 25.03.2005 година,

фактура бр.02 од 19.07.2005 година, фактура бр.01/page 1 од 25.01.2005 година, фактура бр.01/page 2 од 25.01.2005 година, фактура бр.2 од 25.01.2005 година, фактура бр.3 од 25.01.2005 година, фактура бр.4 од 25.01.205 година, про-фактура бр.про-019/2005 од 03.08.2005 година, про-фактура бр.про-018/2005 од 03.08.2005 година, фактура бр.0212893 од 01.12.2005 година, фактура бр.VAT EH бр.E0500010 од 18.04.2005 година, про-фактура бр.про-011/2005 од 07.03.2005 година, про-фактура бр.про-015/2005 од 05.04.2005 година, фактура бр.30141461 од 26.10.2005 година, про-фактура бр.про-005/2005 од 03.02.2005 година, про-фактура бр.про-004/2005 од 03.02.2005 година и бр.про-003/2005 од 03.02.2005 година се утврди дека износот од 1.196.786,00 евра кој е внесен како основна главнина е од непаричен влог, кој се состои од подвижен имот-опрема на друштвото. Од доставениот извештај за наплата од странство-образец 743 од 08.08.2003 година од Комерцијална банка АД Скопје, заверен кај нотар Ѓорѓи Николов од Гевгелија под број УЗП 30337/2015 од 21.04.2015 година, извештај за наплата од странство-образец 743 од 29.10.2003 година од Комерцијална банка АД Скопје, заверен кај нотар Ѓорѓи Николов од Гевгелија под број УЗП 3038/2015 од 21.04.2015 година, извештај за наплата од странство-образец 743 од 11.06.2004 година од Комерцијална банка АД Скопје, заверен кај нотар Ѓорѓи Николов од Гевгелија под број УЗП 3039/2015 од 21.04.2015 година, извештај за наплата од странство-образец 743 од 24.06.2004 година од Комерцијална банка АД Скопје, заверен кај нотар Ѓорѓи Николов од Гевгелија под број УЗП 3040/2015 од 21.04.2015 година, извештај за наплата од странство-образец 743 од 02.07.2004 година од Комерцијална банка АД Скопје, заверен кај нотар Ѓорѓи Николов од Гевгелија под број УЗП 3041/2015 од 21.04.2015 година, извештај за наплата од странство-образец 743 од 08.07.2004 година од Комерцијална банка АД Скопје, заверен кај нотар Ѓорѓи Николов од Гевгелија под број УЗП 3042/2015 од 21.04.2015 година, извештај за наплата од странство-образец 743 од 03.12.2013 година од НЛБ Тутунска банка АД Скопје, заверен кај нотар Ѓорѓи Николов од Гевгелија под број УЗП 3106/2015 од 23.04.2015 година, извештај за наплата од странство-образец 743 од 27.02.2014 година од НЛБ Тутунска банка АД Скопје, заверен кај нотар Ѓорѓи Николов од Гевгелија под број УЗП 3108/2015 од 23.04.2015 година, извештај за наплата од странство-образец 743 од 29.04.2014 година од НЛБ Тутунска банка АД Скопје, заверен кај нотар Ѓорѓи Николов од Гевгелија под број УЗП 3109/2015 од 23.04.2015 година, извештај за наплата од странство-образец 743 од 12.11.2014 година од НЛБ Тутунска банка АД Скопје, заверен кај нотар Ѓорѓи Николов од Гевгелија под број УЗП 3107/2015 од 23.04.2015 година и договор за заем бр.5825-L-10124 склучен помеѓу Аустриан Гаминг Индустриес ГмбХ и Друштвото за угостителство, туризам и услуги „Макотен" ДООЕЛ Гевгелија на ден 22.11.2013 година, се утврди потеклото на паричниот влог кој е внесен во основната главнина на друштвото во износ од 17.592.148,00 евра.

Од доставеното мислење од Управата за финансиско разузнавање бр.13-1/19 (15) од 26.02.2015 година по однос на Програмата за перење пари и финансирање на тероризам, изработена од Друштвото за угостителство, туризам и услуги „Макотен" ДООЕЛ Гевгелија бр.0102/728 од 09.02.2015 година година, се утврдува дека Управата за финансиско разузнавање ја прифаќа Програмата.

Од потврдата од 11.05.2015 година од НЛБ Тутунска банка АД Скопје се утврди дека на сметката има доволно парични средства за уплата на надоместокот за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во казино.

Од доставените решение бр.24-19/07150-70109/3-(24-1955/3) од 04.05.2015 година и записник бр.24-19/07150-70109/1 од 30.04.2015 година издадени од Управата за јавни приходи, Дирекција за големи даночни обврзници, се утврди дека деловната просторија која се наоѓа на граничен премин Богородица бр. „Хотел Фламинго“ во с.Богородица, Гевгелија ги исполнува просторните и техничко-технолошките услови за приредување на игри на среќа во казино.

Од доставените 485 уверенија издадени од Друштвото за услуги, испитување и анализа „Инстесер“ ДОО Скопје се утврди дека поставените автомати и маси во казиното се технички исправни.

Согласно член 89 од Законот, барателот за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во казино мора да има обезбедено надзорен информациски систем преку кој се поврзани сите автомати, така што системот обезбедува податоци за уплатата и исплатата на секој од автоматите кои може да се прикажуваат во секое време и таквиот систем мора да овозможува негово поврзување со информацискиот систем на Управата за јавни приходи. Од доставеното мислење бр.22-2194/1 од 18.03.2015 година од Управата за јавни приходи-Генерална дирекција Скопје се утврди дека Друштвото за угостителство, туризам и услуги „Макотен“ ДООЕЛ Гевгелија има обезбедено надзорен информациски систем и е поврзано со информацискиот систем на Управата за јавни приходи.

Врз основа на доставените докази и утврдената фактичка состојба, се оцени дека се исполнети условите за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во казино на Друштвото за угостителство, туризам и услуги „Макотен“ ДООЕЛ Гевгелија, поради што, се одлучи како во точката 1 од диспозитивот на оваа лиценца.

Според член 58 став 1 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, лиценцата за приредување на игри на среќа во казино се издава за период од шест години.

Според член 10 став 1 од законот, трговското друштво на кое му е издадена лиценца во согласност со овој закон е должно да започне со приредување на играта на среќа во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата. Во спротивно, Владата на Република Македонија ќе му ја одземе лиценцата. Со оглед на наведеното се одлучи како во точките 3 и 4 од диспозитивот на оваа лиценца.

Според член 58 став 2 од законот, за добивање на лиценца се плаќа надоместок во износ од 600.000,00 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата. Според член 11, за издавање на лиценца и дозвола се плаќа надоместок, освен ако со овој закон поинаку не е уредено. Надоместокот за лиценцата се плаќа така што 50% од надоместокот се уплаќа при издавање на лиценцата, а остатокот од 50% на еднакви годишни рати додека трае лиценцата. Надоместокот од 50% кој се плаќа при издавање на лиценцата, приредувачот на игрите на среќа е должен да го плати во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата. Во спротивно ќе се смета дека лиценцата не била воопшто издадена. Роковите на достасаност на годишните рати за надоместокот во износ од 50% се утврдуваат во лиценцата. Доколку приредувачот на игрите на среќа пропушти да го плати износот на годишната рата до утврдениот датум согласно со лиценцата, Владата на Република Македонија ја одзема лиценцата. Со оглед на наведените законски одредби се одлучи како во точките 5, 6 и 7 од диспозитивот на оваа лиценца.

Врз основа на член 94 став 1 од законот за приредување игри на среќа во казино приредувачот на игри на среќа во казино плаќа посебна давачка во висина од 20% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ на сите автомати на тој приредувач и исплатениот износ од сите автомати, во деловната просторија на приредувачот, на месечна основа. Според член 66 став 1 точка 1 и 2, за рулет маса приредувачот плаќа месечен надоместок во износ од 3000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата, по рулет маса и за други маси во казиното приредувачот плаќа месечен надоместок во износ од 1725 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата, по маса.

Издадените лиценци за приредување на игрите на среќа, согласно член 12 од законот се објавуваат на интернет страницата на Министерството за финансии.

Врз основа на гореизнесеното Владата на Република Македонија ја издаде лиценцата за приредување игри на среќа во казино на Друштвото за угостителство, туризам и услуги „Макотен“ ДООЕЛ Гевгелија.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против овој управен акт може да се поднесе тужба за поведување на управен спор, до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на доставувањето на управниот акт до странката.

**Бр.42-6313/1**
**14 јули 2015 година**
**Скопје**

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ**
**НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА**
**МАКЕДОНИЈА**

**д-р Фатмир Бесими**